# 12 *Грчки уметници*

Георгија ГАЛИНУ
Винтер Хана ГЕОРГИЈАДУ
Астерис ГЕКАС
Наталија ТОМАИДИ
Димитра КАМАРАКИ
(Хараламбиду) КИРИЈАКИ
Сотирис ЛИУКРАС
Михалис МАДЕНИС
Дора РИЗУ
Магда СИЈАМКУРИ
Ана СПАРТАЛИ
Јоана ТЕРЛИДУ

**Куратор на изложбата: Ставрула Маврогени**

***Во соработка со галеријата Атрион***

**Музеј на современата уметност, Скопје**

**3 - 7 декември 1998**

Канцеларијата за врски на Република Грција ја поздравува првата изложба на грчките уметници, организирана во Музејот на современата уметност, Скопје, во периодот од 3 до 7 декември 1998 г.

Дванаесетте уметници, сликари и скулптори, секој/а од нив со индивидуални бои или длето отвораат нова и значајна страница во културната соработка меѓу двете држави.

Се надеваме дека оваа манифестација ќе претставува почеток на потесна и почеста соработка и размена во областа на културата.

*Шеф на Канцеларијата за врски*
*Александрос П. Малјас*
*Амбасадор*

*"АКЦИЈА"*

Во мултидимензионалното време во кое живееме човекот бара од уметничкото дело сигурност и рамнотежа, со што се нагласува хуманиот карактер на современата цивилизација. Многумина, всушност, зборуваат за враќање на реализмот преку истражување на новите начини на претставување на реалноста. На овој начин цивилизацијата на сликата се чувствува преку ликовниот израз на секој уметник, и открива нови активности кои ја поврзуваат веројатноста на неговото дело со реалноста.

Уметниците ја сфаќаат уметноста како енергија која се служи со посебен идиом за да го изрази објективното гледање на реалноста, цврсто поврзана со феноменот на илузијата. Излегувајќи од конвенционалните граници на сликата, низ "акцијата" што ги преминува границите на платното, ликовните содржини се рефлектираат во просторот на гледачот и на околината. На овој начин, сé што се случува на платното престанува да биде "слика" и се преобразува во "настан".

Ако "акцијата" е материјална манифестација на човековата волја и енергија со која се реализира замислата и целта, тогаш уметничкото дело е резултат на ова движење. Гледачот е поканет да ја декодира содржината преку "акција", т.е. делувајќи преку формите на иницијација, духовна состојба, концентрација и желба за остварување на целта.

На овој начин, уметничките дела не треба да се гледаат во светлината на термините како што се школа, стил или форма. Всушност, невозможно е во уметничкото дело да ја откриеме намерната имитација на нешто одредено. Наспроти тоа, ја откриваме желбата на творецот да го живее настанот и да го претстави на платното. Формата, бојата, композицијата, цртежот се само во функција на откривање на човечката "акција". Делото се претвора во "чин", момент нераздelliво поврзан со самиот живот и претставата станува резултат на спојувањето меѓу сликарските материјали и просторот околу нив.

Комплексното обмислување на "акцијата" и просторот во делото на **Георгија Галину** се соопштува преку транспарентноста на боите и деликатноста на хармонијата. Фигурите делуваат како изгубени во еден идиличен свет и нејзините пејзажи се појавуват од времето што минува. Совршено белите птици нé водат кон длабокото и безгранично синило на Медитеранот.
Сите нејзини дела зборуваат за природата и радоста на живеењето низ свеченоста на линиите и делириумот на боите, ширејќи ја пред нас бујната творечка посебност на овој толку суптилен свет.

Делото на **Нана Георгијаду** претставува простор на движење во кој светлината и формата се оживуваат преку митолошки навестувања.
Допирајќи го телесниот објект со магијата на исликаната претстава и потоа пренесувајќи го надвор од планот и повторно соединувајќи ги познатите фрагменти од светот, таа се повикува на другите аспекти на тој свет, со помошта на нови естетски присуства.

Спротивно на тоа, просторот во кој дејствува **Астерис Гекас** е облеан со референци на духовните пејзажи со посредно или непосредно повикување на грчката историја, облеани со сеќавањата на изгубената татковина. Материјалот што го употребува и топлината на дрвото како доминантна граѓа уште повеќе ја нагласува ваквата претстава. Употребата на металот ја поткрепува основната идеја, каков што е случајот и со симболите. Студиозното користење на бојата ги нагласува деталите, следејќи го и воздигнувајќи го движењето на скулптурата.

Отсуството на човекот во просторот е доминантна атмосфера во творештвото на **Наталија Томаиди.** Отсутниот човек ги остава во околината своите траги на напуштање и неприфаќање.

Во делото на **Димитра Камараки** очигледно се отсликуваат визии на нов уметнички простор, исполнет со реализам и и хроматска рамнотежа. Иако нејзиниот ликовен идиом е реалистичен, внимателното читање на нејзините дела овозможува постепено појавување на симболи и на бескрајно богати светови, низ чистата, невина и хумана визија.

**Кирјаки (Хараламбиду),** во духот на нејзиниот карактеристичен стил, оживува во нас некои суштествени моменти од човечкиот живот, како што се раѓањето, венчавањето, смртноста.

Делото на **Сотирис Лиукрас** се движи во спротиставеностите меѓу слободата и ропството, меѓу енергијата и стагнацијата. Големите кафези упатуваат на културата од која човештвото полека исчезнува.

Фигурите на **Михалис Маденис** ни пренесуваат во светот на личните исповедувања, кадешто човекот, заробен и изгубен, е во потрага по вистинскиот пат.

Продолжувајќи да експериментира со различни форми, **Дора Ризу** пронаоѓа нови пластични структури. Нејзиниот дискурс се одликува со едноставен но не симплифицирачки начин на организација, приближувајќи се до спонтаноста на детскиот израз. Фигурите како сомнабули се менуваат со транспарентниот звук на музиката, исполнети со метафизичката суштност на сонот и фантазијата.

Експлоатирајќи ги неограничените можности на хартијата, **Магда Сијамкури** создава витален простор, оформувајќи тродимензионални ѕидни конструкции, со почит кон материјалот и неговите природни деформации.

За разлика од метафизичкиот свет на делата на нејзините колеги, **Ана Спартали,** со експлозијата на боите и со динамиката на фигурите ги оживува сеќавањата од нејзиното детство.

Од друга страна, **Јоана Терлиду** ни пренесува во светот на театарот и сенките, каде што со нагласено расположение се обидува да навлезе во духот на сите времиња.

*Ставрула Мавроѓени*, историчар на уметноста